**Катерина Аневска**
**Скопје**

# КИНЕСКА ИГРА ТАНГРАМ 1

Веќе илијадници години во Кина е популарната играта Танграм. Кинеското име на играта е Чи-чиао-тан, што во превод значи *остроумни фигури од седум делови*. На почетокот на XIX век играта се проширила и во Европа.

Суштината на играта се состои во составување на силуети на предмети, животни и луѓе од делови на квадрат кој е поделен на 7 делови, како што е прикажано на цртежот десно. Притоа треба да се почитуваат следниве правила:




- при составување на фигурата мора да се искористат сите делови,
- деловите меѓу себе не смее да се преклопуваат, и
- деловите може по желба да се вртат и превртуваат.



Можда ќе ти изгледа чудно, но почитувајќи ги наведените правила со дадените седум делови може да се состават голем број фигури. На цртежот лево е силуета на куче, фигура која не припаѓа меѓу едноставните фигури кои во оваа игра може да се состават.

На цртежот десно е прикажано како од седумте фигури на кои е поделен квадратот може да се состави куќа.



Направи ги деловите на кои е поделен квадратот и обој ги во истите бои. Потоа, користејќи го цртежот десно состави ја куќата, во крукчињата запиши ги броевите на деловите и обој го цртежот.

Како што рековме бројот на фигурите кои можат да се состават е голем. Така, на долниот лев цртеж е составена силуета на штрк, а на долниот десен цртеж е составена силуета на пајка која плива.







Обој ги овие две фигури така што деловите од кои се составени ќе ги обои во истите бои како што тие се обоени на квадратот од кој се добиени.

Млади пријатели, на крајот од ова наше дружење ви предлагам неколку пати да ја изграте играта Танграм така што ќе составите: правоаголник, паралелограм, триаголник и мост. Можда ќе ви изгледа тешко, но прво обидете се тоа самостојно да го направите. Ако не успеете, тогаш погледнете на последните страници, каде е покажано како тоа да го направите.

Во продолжение, прво ќе покажеме како може да се состават некои едноставни фигури. На долните цртежи, реоследно одлево надесно се прикажани фигурите: чекан, срп и капа. Користејќи ги шаблоните добиени со поделба на квадратот нацртај ги овие фигури, а потоа обој ги со соодветните бои.



Знаеме дека со помош на неверојатните фигури на танграмот може да се состави фигура на куче. Меѓутоа, може да се состават и повеќе фигури на мачe, од кои едната е прикажана на левиот цртеж на следната страна. Користејќи ги шаблоните добиени со поделба на квадратот нацртај ја оваа фигура, а потоа обој ја со соодветните бои. Обиди се да составиш друга фигура на мачe, на пример мачe кое што седи.

Понатаму, порано видовме како може да се состават фигури на некои птици. На цртежот долу десно е покажано како со помош на деловите на кои е поделен квадратот може да се состави фигура на кокошка, иако може да се каже дека оваа фигура повеќе личи на шумската птица тетреб. Користејќи ги шаблоните добиени со поделба на квадратот нацртај ја оваа фигура, а потоа обој ја со соодветните бои. Обиди се да составиш друга фигура на птица, на пример фигура на пајка со раширени крила.





Сигурно ќе се запрашаш што уште може да се состави со седумте делови на танграмот. Некој со тебе може да се пошегува дека можеш да ја составиш секоја фигура која ќе ја замислиш. Секако, ова не е можно, меѓутоа звучи неверојатно, но со седумте делови на играта Танграм може да се состават стотици фигури, како на пример фигура на човек што трча (цртеж десно). Обиди се да составиш и друга фигура на човек, на пример човек што седи.



Што се однесува до фигурите на луѓе, со малку фантазија може да се состават повеќе женски фигури. На пример, на цртежот десно е прикажана жена пред огледало. Користејќи ги шаблоните добиени со поделба на квадратот нацртај ја оваа фигура, а потоа обој ја со соодветните бои. Обиде се да составиш уште една женска фигура, а ако во тоа не успееш тогаш погледни на последните страници, каде се дадени решенијата за сите четири фигури.



Во продолжение, прво ќе покажеме како може да се состават некои едноставни фигури. На долните цртежи, реоследно одлево-надесно се прикажани фигурите: старински телефон, вага и свеќа. Користејќи ги шаблоните добиени со поделба на квадратот нацртај ги овие фигури, а потоа обој ги со соодветните бои.







Знаеме дека со помош на неверојатните фигури на танграмот може да се состават фигури на куче, мачка, некои птици, човек што седи и човек што трча. Меѓутоа, со помош на деловите на танграмот може да се состават и многу други неочекувани фигури. Така, на пример, може да се состават фигурите: брод, локомотива и вагон од воз, кои се прикажани на следните цртежи. Користејќи ги шаблоните добиени со поделба на квадратот нацртај ги овие фигури, а потоа обој ги со соодветните бои.



Сигурно се запраша што уште може да се состави со седумте делови на танграмот. Одговорот на ова прашање не е познат, но може да се каже дека голем е бројот на фигурите кои може да се состават во играта танграм. Така, на пример, малку кој може да очекува дека во играта танграм може да се состави фигура на коњаник, но дека тоа е така доволно е да го погледнме цртежот десно. Состави ја фигурата на коњаник и потоа обој ја во соодветните бои на деловите на танграмот.



Од некои причини кога ќе се спомне коњаник луѓето веднаш помислуваат на оружје. Па за да работата биде целосна треба да споменеме дека во играта танграм може да се состави фигура на пиштол, која е прикажана на цртежот десно.



Покрај фигурите кои ги составивме на почетокот последно покажавме дека со деловите на танграмот може да се состават уште осум други фигури. Но, како што рековме бројот на фигурите кои може

да се состават е многу поголем. На пример, може да се состави фигура на прасе, риба и зајак. Обиди се самостојно да ги составиш овие фигури, а ако не ти успее погледни ги решенија на крајот од овој број.

Во продолжение, повторно прво ќе покажеме како може да се состават некои едноставни фигури. На долните цртежи, редоследно одлево надесно се прикажани фигурите на: бројот 8, луле и хартиено бродче.





Како што знаеме, со помош на деловите на танграмот може да се составуваат и фигури на птици. На цртежите десно се прикажани уште две фигури на птици и тоа штрк на една нога и ној.




На крајот од овој дел со прекрасната игра танграм ти препорачуваме сам да составуваш посложени фигури, како што е фигурата на кенгурот или други човечки фигури, како на пример фигурите прикажани на долните цртежи.





Во продолжение, повторно прво ќе покажеме како може да се составаат некои посложени фигури. На долните цртежи, редоследно одлево надесно се прикажани фигурите на гуска, ајкула кит и куче:



Притоа јасно не се распознава положбата на секој од седумте делови на Танграмот. Обиди се сам да ги составиш дадените фигури, а потоа обој ги по сопствена желба.

Како што знаеме, со помош на деловите на танграмот може да се составуваат и фигури на луѓе. На долните цртежи се дадени две фигури на жени и една фигура на мајка која турка детска количка. Од колку делови е составена фигурата на мајка која турка детска количка. Обиди се самостојно да ги составиш овие фигури, а потоа обој ги по сопствена желба.



Кога сме кај фигурите на луѓе, да забележиме дека со помош на волшебните делови на Танграмот може да се цртаат и портрети. На пример, може да се составаат портретите прикажани на долните цртежи. Обиди се самостојно да ги составиш истите, а потоа обој ги по сопствена желба.



Претходно покажавме како со помош на деловите на Танграмот може да се направат фигури на брод, робот и коњаник на коњ. На долните цртежи се дадени споменатите фигури, но сега тие изгле-

даат малку поинаку. Обиди се истите да ги составиш, а потоа обој ги по сопствена желба.



Драг читателу, со тоа го завршуваме нашето долготрајно дружење со прекрасната кинеска игра Танграм. Ти и понатаму може да се дружиш со оваа игра, и тоа составувајќи ги фигурите кои претходно покажавме како се прават или пак да истражуваш и да откриваш нови фигури.



Правоаголник Паралелограм Триаголник Мост

